Република Северна Македонија

ИНСПЕКЦИСКИ СОВЕТ

03-441/2

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија", бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од Бедри Фазли од с.Стримница , Желино , генералниот секретар на Инспекцискиот совет, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**
**за прифаќање на барање за слободен пристап до информации од јавен карактер**

1. Се прифаќа Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер испратено до Инспекцискиот совет од [redacted] бр. 03-441/1 од [redacted]

**О б р а з л о ж е н и е**

На 29.04.2024 година, [redacted] , [redacted], до Инспекцискиот совет достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер, бр. 03-441/1 од 29.04.2024 година, со коешто тој во својство на барател, од Инспекцискиот совет бара да му биде доставена следната информација:

**Записници од инспекциски надзори и Извесување за предметот УПП16-40 од 2024 година.**

Во предметното Барање, барателот навел дека бара содржината на бараната информација да му се достави во форма на фотокопија на рака .

Постапувајќи по горенаведеното Барање, а по извршената проверка на наведениот предмет, во прилог Ви доставуваме:

- Записник од Државен инспекторат за труд за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.0907-238 од 27.02.2024 година
- Записник од Државен управен инспекторат за извршен инспекциски надзор ИП 1 бр.13-263 од 27.02.2024 година
- Записниик од Државен просветен инспекторат за извршен инспекциски надзор бр. 09-86/1 од 27.02.2024 година
- Известување на дополнителни податоци на барање на Инспекциски совет ИП1 бр. 09-39/2

Со оглед дека согласно утврдените законски услови, барателот има право на слободен пристап до информации од јавен карактер, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

УПАТСТВО ЗА ПРАВНО СРЕДСТВО: Против ова решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер, во рок од 15 дена од денот на приемот на Решението.

Генерален секретар на Инспекциски совет
м-р Сашо Мержаноски

Доставено:
- до барателот на информацијата и
- во архивата на Инспекцискиот совет.

Изработил: Андријана Алексова, советник
Одобрил: Маја Срезоска, раководител на Сектор

Примено на рака

Дата 29.04.2024г.